Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 2, 15 октомври 2007 година)

октомври, 2007
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Нумерички методи во рударството” од авторите проф. д-р Благој Голомеов и м-р Александра Милева од Факултетот за Рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање по наставните дисциплини од областа на рударската механика и механизација на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник-помлад асистент по група предмети (одделенска настава и предучилишно воспитание) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 7

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ПО НАСТАВНИТЕ ДИСЦИПЛИНИ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСКА МЕХАНИКА И МЕХАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА РУДАРСТВО, ГЕОЛОГИЈА И ПОЛИТЕХНИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, бр. 0202-189 од 11.7.2007 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владо Гичев, доцент (претседател), д-р Борис Крстев, ред. проф. (член) и д-р Зоран Десподов, вон. проф. (член), која има задача да изготви писмен извештај-рецензија за избор на наставник во насловно звање по наставни дисциплини од областа на рударска механика и механизација на Факултетот за рударство, геологија и политехника на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Комисијата во наведениот состав ги прегледа доставените материјали и констатира дека на пријавениот конкурс од 19.7.2007 година во дневниот весник „Вест", за наставник во насловно звање на Факултетот за рударство, геологија и политехника на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се има пријавено само кандидатот д-р Радомир Цветановски, дипл. маш. инж. од Кичево. По деталниот преглед на расположливата документација, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Кандидатот Радомир Киро Цветановски е роден на 3.12.1955 година во Кичево, Република Македонија. Во учебната 1974/75 година се запишува на Машинскиот факултет во Скопје, на Одделот за енергетски машини каде дипломира во 1979 година. Магистрира на Машинскиот факултет во Скопје во 1986 година на насоката Организација на производство на тема: „Организациски модел на енергетска организација на здружен труд". Докторира на Машинскиот факултет во Скопје со наслов на тема „Оптимизација на техноекономските параметри за продолжување на експлоатационииот век на работењето на интегралните цевководи кај термоцентралите".

Веднаш по дипломирањето се вработува во РЕК „Осломеј", каде што напредува во кариерата од инженер за производство до директор на производство.

### *Научноистражувачка работа*

Кандидатот д-р Радомир Цветановски освен ангажирањето во производството пројавува интерес и во научноистражувачката работа.
Работел како:

- соработник-истражувач на проектот на Машинскиот факултет: »Пресметка на преостанатиот работен век на интегралните цевководи кај термоелектричните централи", 2001–2004 година,

– координатор на тезата за развој во областа на специфичните природни потенцијали: „Студија за економскиот развој на кичевскиот регион”, 2001/2002 година,
– член на партнерство за изработка на „Студија за развој на Општините Друго-во и Вранештица”, 2005/2006 година,
– член на тимот за развој на мали хидроелектрични централи и друга обновлива енергија на Република Македонија на проектот „Олеснување на процедурите за поттикнување на приватните инвестиции за развој на мали хидроцентрали”, 2006/2007 година.

***Заклучок и предлог***

Врз основа на досегаизнесеното, како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека со кандидатот д-р Радомир Цветановски Факултетот за рударство, геологија и политехника ќе добие еден одличен наставник со искуство како во научното истражување, така и во практична работа. Од тие причини, Комисијата има посебна чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатот д-р Радомир Цветановски да го избере во насловно звање по наставни дисциплини од областа на рударска механика и механизација. Со неговиот избор Катедрата за рудничка механика и механизација ќе добие еден одличен наставник, а Факултетот за рударство, геологија и политехника, редок кадар кој директно е вклучен во непосредното производство.

**Рецензентска комисија**

**доцент д-р Владо Гичев, с.р.**

**проф. д-р Борис Крстев, с.р.**

**д-р Зоран Десподов, с.р.**